# Имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација

Скопје

15.04. 2013

# ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

- Законот за спречување и заштита од дискриминација  е донесен на 8 април 2010 год.

- Со овј закон се обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањата на правата загарантирани со уставот на РМ,закон и ратификувани меѓунардони договори.

- Заштита  и забраната од дискриминација се однесува на сите физички и правни лица од јавниот и приватниот сектор во процесот на остварување на права и слободите гарантирани со Уставот и со законите на РМ.

# Дискриминација?

- Дискриминацијата представува нееднаков третман,правење на разлика поради некое лично својство,повреда на начелото на еднаквост,нееднакво постапување,обесправеност,ставање во понеповолна состојба,привелегирање,ставање во поповолна состојба.
- Елементи на дискриминација
  - споредлива состојба
  - нееднаков третман,неповолна состојба.
  - дискриминаторска основа

-

- Правење разлика претставува ограничување, исклучување или давање на предимство

Пример

Исклучување постои кога сопственикот на базен не дозволува  влез на лица од ромска националност.

Предимство постои кога раководителот соработува само со вработените кои се од неговата политичка партија.

# Како може да биде сторена дискриминацијата

Пр. Сопственикот на кафеана стави натпис забранет влез за роми

- Ако нееднаквиот третман се врши со донесување на некој акт,или преземање сторување на некое дејствие тогаш дискриминацијата е сторена со сторување или постапување
- Ако до нееднаквиот третман дојде поради непреземање на дејстивие ,односно пропуштање на дејствие тогаш станува забор за дискриминација која е предизвикана поради несторување,
- Пр.Неодстранување на архитектонските препреки за инвалидните лица.

# ОБЛИЦИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Директна дискриминација-непосредна дискриминација таа е видлива дискриминаторите не ги кријат своите постапки,тие секогаш ги оправдуваат дека се легитимни и оправдани.

- Индиректната дискриминација-посредна е тешко видлива,дискриминаторот се крие под привидно еднаквиот третман иако неговиот мотив или цел е да дискриминира

.

- **Вознемирување и понижувачкото однесување предствува повреда на достоинството на лице или група на лица врз дискриминаторска основа кое има цел повреда на достоинството ,создавање на непријателска заканувачка средина**

**- Вербално вознемирување (пр.обракање со погрдни зборови)**

**- Физичко -гестикулативно вознемирување (пр.плазење,плукање,буткање)**

- **Сексуално вознемирување е несакано однесување од полов карактер кое може да биде вербално и физчко.**
- **Пр.штипкање,милување,непристојно оденсување пракање на пораки**

  **со сексуална содржина**

  **Пр.Професор –студентка, директор- секретарка**

# Виктимизација

- **Виктимизацијата** се појавува во случај кога некој субјект (пример работодавец) презема негативни активности спрема лицето кое презело некакви дејствија за да докаже дискриминација,

  - започнал поведување на постапка,
  - сведочел во полза на некој колега против работодавецот или пак
  - пријавил дискриминација.

- Виктимизацијата се појавува во различни форми:

  - давање отказ,

  - пренесување на пониска работна позиција,

  - намалување на плата,

  - вознемирување,

  - недавање на потврда (препорака) за идно вработување и сл.

- Виктимизацијата може да се појави дури и после завршување на работниот однос,

  - како во случајот на недавање на препорака/ потврда

# Повикување и поттикнување на дискриминација

- Како дискриминација се смета и секоја активност со која некое лице директно или индиректно повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува друго лице да изврши дискриминација.

- Повикувањето и поттикнувањето на дискриминација СЕ ИЗЕДНАЧУВААТ со дискриминацијата.

- Значајно за овие форми на дискриминација е дека истите може да се појават и без намера на давателот на инструкцијата или поттикнувачот да дискриминира.

- Пример сопственик на продавница дава упатство на менаџерот да не вработи лице помладо од 25 години, затоа што според неговото уверување, помладите не делуваат доволно „зрело„ за да се справат со муштериите

- Ваквото однесување е дискриминаторско и од страна менаџерот кој го применува упатството и од страна на на сопственикот кој го издало таквото упатство.

# Потешки облици на дискриминација,

- дискриминацијата направена кон одредено лице по повеќе дискриминаторски основи (повеќекратна дискриминација),
- која е правена подолго време (продолжена дискриминација),
- дискриминација направена повеќе пати (повторена дискриминација),
- која со своите последици особено тешко го погодува дискриминираното лице.

# Комисија за заштита од дискриминација

- КЗД е самостоен и независен орган има својство правно лице со седиште во Скопје.
- КЗД е составен од седум члена кои се избрани од Собранието на РМ.
- Комисијата постапува претставки за наводна дискриминација,донесува мислење и препорака.
- Ја информира јавноста за случаите на дискриминација,презема активности за промоција и едукација на еднаквоста и недискриминацијата.
- Дава мислења по закони од значење за заштита од диксриминација.

- Благодарам на  вниманието

Ленче Коцевска